Министерство за финансии
Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ
## за достапност на документ и јавна расправа
## План за управување со животна средина и социјални работи (ПУЖССР)

## за под-проектот

## „Замена на постојни светилки од улично осветлување во населени места во општина Дебрца“, Општина Дебрца

Во рамки на “Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор во РСМ” кој се реализира од страна на Единицата за спроведување на проектот при Министерството за финансии со финансиска поддршка од Светска Банка, Општина Дебрца аплицираше со под-проект за *„Замена на постојни светилки од улично осветлување во населени места во општина Дебрца“.*

Согласно *Рамката за животна средина и социјални работи* изготвена врз основа на барањата на Светска Банка беше подготвен документ “План за намалување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи” во кој се анализирани влијанијата врз животната средина и социјалните работи кои ќе произлезат од планираните активности на под-проектот. Овој документ е поставен за јавен увид на официјалните веб страници на:

Министерството за финансии (Под-проекти за енергетска ефикасност во единиците на локална самоуправа - finance.gov.mk) и на:

Општина Дебрца: https://debrca.gov.mk/archives/6685 на 30.06.2023 година.

Вашите коментари може да ги доставите во рок од 30 дена од поставување на документот на веб страна, преку пополнување на формуларот кој е достапен на следниот линк:

**https://debrca.gov.mk/archives/6685**

Во текот на периодот наменет за јавни консултации за ПУЖССР, ќе се одржи и јавна расправа за документот, на **10.07.2023 (понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на општина Дебрца,** со следниот дневен ред:

1. Воведен збор на Градоначалникот на општина Дебрца и намерата за задолжување - 15 минути
2. Краток осврт на документ “План за управување со животната средина и со социјалните аспекти за проектот” (Катарина Георгиевска, Консултант за животна средина) – 15 минути
3. Дискусија.

Датум на објава: 30.06.2023

**Министерство за финансии**
**Единица за спроведување на проектот**